Димитар ДИМЕСКИ

# ПОП-СТАВРЕВАТА ПРОВАЛА (1900 г.) И СУДСКИОТ ПРОЦЕС ВО БИТОЛА (1901 г.)

По интернирањето на Даме Груев во Смилево во летото 1900 година, на кормилото на Битолскиот окружен комитет на Македонската револуционерна организација застанал Васил Пасков.[1]) Покрај него, во Окружниот комитет членувале: Ѓорѓи Поп Христов[2]), Аце Дорев[3]), Неделко Дамјанов[4]) и Ѓорѓи Пешков.[5])

В. Пасков со својот говорнички дар преку „своите говори пред груповите началници, кои ги држеше во Неделното училиште, многу помогна да се подигне револуционерниот дух. Тоа даде повод тој да биде осомничен од власта и да биде интерниран во врска со убиството на поп Ставре".[6])

Во летото 1900 година во Битола пристигнале од Бугарија: Георги Иванов (Марко) од с. Жеравна, Котленско, Јанаки Штерјов од Трново, Битолско и Трифун Иванов од с. Избишта, Ресенско — со намера да го дадат својот придонес во изградувањето на четничкиот институт на Организацијата во Округот.[7]) Притоа среќата го послужила само Ѓорѓи Иванов (Марко), кој заедно со костурскиот раководител Павел Христов и екшисујскиот раководител Михаил Чеков, заминал во Костурско за да го преземе раководството над костурската чета.[8])

---

[1]) Възстаническото движение въ Югозападна Македония (до (1904). По спомени на Славейко Арсовъ. МНИ, София, 1925, 16—17; Г. п. Христов, Революционната борба в Битолския окръг, София, 1953, 23.

[2]) Г. П. Христов пристигнал од Лерин во Битола во летото 1900 година на повик на Даме Груев непосредно пред Дамевото заминување во интернација во Смилево (Г. п. Христов, op. cit., 23).

[3]) Cf. Аце Доревъ, Ил. Илинденъ, XIII/8 (128), София, октомврий 1941, 1.

[4]) Къмъ борбитѣ въ Югозападна Македония. По спомени на Л. Джеровъ, *Г. п. Христовъ*, А. Андреевъ, Г. Папанчевъ и Л. Димитровъ. МНИ, София, 1926, 33. Меѓутоа, истиот Г. Поп Христов, подоцна Неделко го споменува под презимето Дамчев. (Г. п. Христов, op. cit., 23, 25).

[5]) Г. п. Христов, op. cit., 23.

[6]) Ibidem, 23—24.

[7]) Ibid., 23.

[8]) На неговите другари Јанаки Штерјов и Трифун Иванов, Поп Ставревата провала им ги расипала сметките и ги закопала нивните желби.

Тогаш пламнала т.н. Поп Ставрева провала во Битола, која, покрај Солунската провала од 1901 година, оставила судбински реперкусии, кои тешко ја погодиле МРО.[9])

Веднаш по интернирањето на Д. Груев во Смилево Окружниот комитет го форсирал собирањето на материјални прилози од побогатите битолски граѓани поради растечките потреби на МРО. Особено охрабрувачки делувал примерот на Михаил Алтипармаков, кој откако ја внесол во комитетската каса побараната сума од 15 т. лири, изјавил: „Ако стане потреба готов сум и со поголеми суми да му помогнам на таквото свето дело".[10]) Во август 1900 година, охрабрен од таквиот патриотски став на некои граѓани, Окружниот комитет побарал од Пелагонискиот архиерејски заменик, познатиот свештеник Ставре да внесе извесна сума, веројатно 15 т. лири, во комитетската каса. Ставре одбил, па сумата му била зголемена и достигнала 30 т. лири.[11]) Откако и вториот пат Ставре одбил да ја иплати сумата и да ја прими расписката, Окружниот комитет го известил Ставрета дека му ја зголемил сумата на 50 т. лири.[12]) Потребно е да се истакне дека поп Ставре како и сите егзархиски великодостојници бил антагонистички расположен кон ослободителното движење. Од друга страна, неговата суета била тешко повредена од уценувачката постапка на Комитетот, поради што лично ја известил вилаетската власт за комитетската уцена.[13]) Секако дека пред тоа се консултирал со својот сват, Влавот Таки Чона, познат османски шпион, кој веројатно му ги понудил своите услуги за незабележано известување на власта.[14]) Притоа смислиле доста провиден план, полицијата од заседа да го фати емисарот на Окружниот комитет кога ќе доаѓа кај Ставрета да ја наплати расписката, посочувајќи го точно договорениот ден, а веројатно и времето на неговото пристигање. Со полициската операција раководел познатиот битолски главен полицаец (баш полиц) Саид ефенди со помош на Таки Чона.[15]) Во договореното време емисарот на Окружниот комитет Трифун Иванов пристигнал во куќата на Ставрета, но свештеникот бил отсутен или пак се криел дома со цел да обезбеди алиби пред

---

[9]) Cf. Историја на македонскиот народ, Скопје 1969, II, 195—197.

[10]) Г. п. Христов, op. cit., 24.

[11]) Cf, Хр. Силяновъ, Освободителнитѣ борби на Македония, София 1933 I. 111.

[12]) A. M. Monsieur Henry Barnham C. M. G. Gérant du Consultat Général de S. M. Britanique, — Monastir, le 10 Septembre 1900 (ThD. Pissurica, dragoman)., PRO FO m-326. Arhiv na Makedonija, Skopje — Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 492/21 августа 1900 г. у Битољу. м-643, Архив на Македонија, Скопје.

[13]) Обвинителен актъ, 5 февруари 1316 (финансиска) година. Архив на Македонија. ФОНД: Пелагонииска българска митрополия. к-11, 1901, Дело 5д, АЕ 6, 79; Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 492/21 август 1900 г..., м-643; Къмъ борбитѣ..., 33; Cf. Хр. Силяновъ, op. cit., 111.

[14]) Хр. Силяновъ, op. cit., 111.

[15]) Г. п. Христов, op. cit., 24—25.

МРО. По напуштањето на куќата на свештеникот, Трифун Иванов бил извесно време незабележано следен од агентите и полицијата, а потоа подгонет. Притоа, тој успеал да се ослободи од расписката. Кога бил фатен, кај него била најдена само кама.[16])

Штом дознал за настанот, Окружниот комитет на вонредна седница го осудил Ставрета на смрт. За извршување на пресудата биле определени терористите: Трајко Петрев, Глигор Димев, Петар Димев и Петар Георгиев. Атентатот над Ставрета бил извршен во утринските часови во тремот на црквата св. Богородица на 17 август ст. стил 1900 година со револверски истрел.[17]) Ставре бил тешко ранет, при што како „морални убијци" ги посочил Даме Груев и Михаил Герџиков — alias Тодор Луканов.[18]) Веднаш потоа уследиле апсења, така што до 21 август ст. стил 1900 година в затвор се нашле, според Ристиќа, 42 сомнителни лица. Тие биле затворени во истражниот затвор во т.н. долапи.[19]) Меѓу првите бил уапсен Нале Павлев, смилевчанец, анџија во Битола, братучед на Груева.[20]) Во неговиот ан 40 дена нелегално престојувал претходно уапсениот Трифун Иванов.[21]) На 18 август ст. стил 1900 година во Смилево бил уапсен Груев и доведен во Битолскиот истражен затвор.[22]) Според Ристиќ, во домот на уапсениот Пенџерков власта нашла 4 берданки. Меѓу уапсените се нашол и крстофорскиот учител Христо Иванов, кој до јули 1899 година примал плата и од Егзархијата и од Српскиот конзулат во Битола.[23]) Плашејќи се од поголеми реакции, власта го ангажирала аскерот тие ноќи да ги контролира Јени-маало и Баир-маало во Битола.[24])

Наскоро потоа Ставре подлегнал на повредата.[25]) Интересно е дека свештеникот Ставре за последен пат присуствувал на седницата на Епархискиот мешовит совет при Пелагониската

---

16) Обвинителен актъ.., к-II, Дело 5д, АЕ 6, 82—83.
17) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 492/21 авг. 1900.., м-643.
18) Въ Македония и Одринско, По спомени на М. Герджиковъ, 20.
19) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 492/21 август.., м-643.
20) Обвинителенъ актъ... 82; Спомени на Дамянъ Груевъ..., 22.
21) Обвинителенъ актъ.., 82.
22) Г. п. Христов, op. cit., 25. Не е точно датирањето на Груевото апсење на 5 август ст. ст. (Възстаническото движение.. по спомени на Сл. Арсовъ., 16), односно на 6 августъ (ст. стил) 1900 г. (Спомени на Д. Груевъ.., 22).
23) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП. 492/21 август 1900.., м-643
24) Извештај на М. Ристиќ ПП 492/21 август.., м-643. Покрај апсењата во Битола, биле извршени апсења и во соседните градови: Прилеп Ресен и Охрид. Види: Son Excellence Monsieur Delcassé, Ministre des Affaires Etrangères á Paris. — Consulat de France à Salonique/Salonique, le 17 septembre 1900., m-182, 123—126. Arhiv na Makedonija, Skopje. Za nastanov vidi: La Legation de France en Grèce, — Le „Messager d'Athénes" du 24 août 1900, m-182, 93. Arhiv na Makedonija, Skopje.
25) „... Поп Ставре подлегна на раната која ја доби: минатата недела е погребен". (Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 545/3 септември 1900, м-643. Архив на Македонија, Скопје.).

егзархиска митрополија што се одржала на 11 август ст. стил 1900 година, а на која претседавал митрополитот Григориј.[26]) Следната седница на Епархискиот совет била одржана на 1 септември ст. стил 1900 година пак под претседателството на Григорија во времето кога веќе Ставре бил погребан, но ниту со еден збор не се споменува за Ставре во записникот од таа седница, а ни подоцна.[27]) Во сочуваните документи името на Ставре по убиството фигурира само во актите од и за судскиот процес во врска со Поп-Ставревата провала.[28]) Ова, логично, нè наведува на констатацијата дека ликвидацијата на Ставрета мошне силно ги потресла и заплашила главните егзархиски протагонисти во Пелагониската егзархиска митрополија. Стравот од МРО ги натерал да го изостават дури името на Ставрета од напишаните документи, а да не зборуваме за некои коментари во врска со Ставревото убиство. Сепак реална е помислата дека таков документ постоел во вид на извештај на митрополитот Григориј до егзархот, кој конспиративно му бил врачен на егзархот, а потоа можеби и уништен. Единствено натамошни истражувања во тој правец би можеле да дадат одговор на тоа прашање.

Повеќе од половината уапсени биле ослободени. В затвор биле задржани само 19 лица. Обвинителната комора при Битолскиот централен суд во состав: Хасан Фехми-ефенди претседател, Мехмед ефенди и Тодор ефенди членови, во присуство на Џевдет ефенди, прокурор на Битолскиот апелативен суд, го разгледала карар-намето на Вториот битолски иследник и на 5 шубат 1316 финансиска година/29 шевал 1318 г. по хиџра (февруари 1901 година)[29]) го подигнала следниов обвинителен акт: „Се обвинуваат за кривични престапи:

---

[26]) Протоколъ Н 26. Редовно засѣдание. 11 августъ 1900. Архив на Македонија. Скопје. Фонд: Пелагонийска българска митрополия. Протоколна книга на Епархиалния см съветъ при Пелагониската митрополия кн. 8. Изгледа дека Ставре бил Пелагониски егзархиски архиерејски заменик до смртниот час. Така на пр. тој претседавал на седниците на Епархискиот мешовит совет во својство на архиерејски заменик — што биле одржани на 5 и 7 мај ст. стил 1900 година. Види: Протоколна книга на Епархийския см. съветъ при Пелагонийската Митрополия (Протоколъ 17 и извънредно засѣдание). Архив на Македонија. ФОНД: Пелагонийска българска митрополия, кн. 8.

[27]) Протокол бр. 27/Редовно засѣдание, 1 септември 1900 (и натаму). Види: Протоколна книга на Епархийския см. съветъ при Пелагонийската митрополия, Н. 8. Архив на Македонија. ФОНД: Пелагонийска българска митрополия.

[28]) Види: Архив на Македонија. ФОНД: Пелаг. бълг. митр. к-II, Проток. кн. 8.

[29]) اتهامنامه صورتی (Ithamname sureti). 5 шубат 1316 фин. год./29 шевал 1318 х.г. Архив на Македонија. ФОНД: Пелагонйска българска митрополия. к-II 1901.; Обвинителенъ актъ. 5 февруар 1316 (финанс.) година. Архив на Македонија, Скопје. ФОНД: Пелагонийска българска митрополия, к-II. 1901, Дело 5д, АЕ Н 6, 79, 81—83.



Faksimil
Ithamname (Obvinitelen akt) od fevruari 1901 godina (fragment)
Arhiv na Makedonija, Skopje

1.Трајко од Баир дека го убил со содејство на Глигор Димев, Перо Димев и Петар Георгиев,[30]) главниот свештеник на бугарската црква, попот Ставре, кој откажал да даде пари на Комитетот, откако ѝ јавил за тоа на власта;

2. Ристе Талев, Боше Нечов, Ристе Талев-анџија, Лазар Јовчев, Никола Стојков, Спиро Костов, браќата Попеви (Петар и Ѓорѓи, м. б.), Михаил Наумов, Ѓорѓи Најдов, учителите — Васил п. Димитров, Стефан Илиев и Дамјан Груев, — Трифун Иванов, Нале Павлев, Јанаки Штерјов, Ефрем Ризов и избеганиот Тодор Луканов, кои сочинувале еден револуционерен комитет, кој имал за цел да го подигне населението во државата кон бунт".[31])

За првите четири лица се барала казна според чл. 45 и 170 од Кривичниот законик, а останатите според чл. 56 од споменатиот Законик.[32] Сите биле обвинети дека „образувале еден револуционерен комитет- кој имал за цел да подигне внатрешна револуција и кој казнувал со смрт секого кој му се спротивставувал."[33] Споменатово обвинение било базирано на признанието на Гице (Глигор) Димев.[34] Покрај тоа, од Серското командантство бил доставен фатен комитетски устав и лист во кој бил споменат Д. Груев како член на Комитетот, коешто било потврдено и со исказот на Г. Димев во истражната постапка.[35] Од друга страна, Дамета го теретела блискоста со Т. Луканов (Герџиков) кој тогаш се наоѓал во Бугарија, како и роднинската врска со анџијата Нале Павлев.[36] Сепак, обвинението било мошне лабилно бидејќи не било засновано врз цврсти докази, со исклучок на самопризнанието на Трајко Петрев за убиството на Ставрета.[37]

---

[30]) Според Г. Поп Христов, Ставрета го убил терористот Пецо Георгиев. (Г. п. Христов, op. c т., 25). П. Георгиев успеал да избега, па му било судено во отсуство. Меѓутоа, во обвинителниот акт е истакнато: „Трајко призна дека со помошта на Гице Димев, Петруш Георгиев и на Перо Димев, го убил поп Ставра, кој одел в црква и кој не ги дал на комитетот бараните од него пари, — и затоа што не сочувствувал на револуционерното движење". (Обвинителен акт.., к.-II 1901, Дело 5д, AE 6, 82). Со други зборови речено атентатот врз Ставрета не бил извршен само поради неговото одбивање да даде паричен прилог, но и поради Ставревите сопки на ослободителното движење, особено во времето на неговото замeникување, кога како Пелагониски архиерејски заменик бил втор човек по Григорија во Пелагониската егзархиска митрополија, па имал сјајна можност да го кочи ослободителното движење. Првенствено поради тоа платил со главата.

[31]) (Ithamnaме)..., Архив на Македонија; Обвинителенъ актъ..., к-II. 1901, Дело 5д, AE 6, 79.

[32]) Обвинителенъ акт.., 81—82.

[33]) Обвинителенъ актъ.., 82.

[34]) Ibidem.

[35]) Ibidem, 83.

[36]) Ibid., 82—83.

[37]) Обвинителенъ актъ.., 79, 81—83. Во март 1901 година непосредно пред почетокот на судскиот процес во Битола, С. Радев во в. l'Effort го актуелизирал апсењето на Даме Груев во меѓународната јавност. Види Monastir, Le 2 mars. — l'Effort, I/23, 15 mars 1901, 8.



ОБВИНЕТИТЕ НА СУДСКИОТ ПРОЦЕС ВО БИТОЛА, МАРТ 1906 ГОДИНА

— Посебно фасцинира маркантната фигура на Даме Груев —

ИСТОРИСКИ АРХИВ, БИТОЛА

ФОНД: МИЛТОН МАНАКИ, ф. 4906

Судскиот процес на обвинетите во врска со Поп Ставревата провала бил одржан на 14/27 и 15/28 март н. стил 1901 година во Битола. Потребно е да го споменеме следниот куриозитет: судењето било одржано во голем циркуски шатор земен под наем од некој битолски анција.[38] Тоа било направено поради желбата на Турците да ја потенцираат важноста на процесот, па бидејќи немало поголема сала во Битола, а интересот на јавноста бил голем, тие се одлучиле на споменатиот чекор. Процесот го отворил претседателот на Битолскиот апелативен суд Решид бег.[39] Во составот на Апелативниот суд во својство на аза се наоѓал и Никола Робев.[40] Во првиот ден на судењето, од конзулите присуствувал само грчкиот конзул Пезас, а останатите ги пратиле своите драгомани.[41]

Обвинетите 19-мина на судењето се држеле достоинствено, ништо не признале, а сите признанија во истражната постапка ги негирале. Дури и Трајко Петрев од „Баир маало, убиецот на поп Ставре, се одрекува иако и раката по погибијата (ранувањето, м.б.) на поп Ставре, кога е фатен, по сведочењето на лекарот, му мирисала на барут, иако дури и самиот поп Ставре го означил како свој убиец. Со него заедно одрекуваат сè и оние кои се обвинети како негови соучесници“.[42]

Држењето на обвинетите, според Ристиќа, било идентично на држењето на обвинетите во солунскиот процес.[43] Обвинетите се однесувале сосем слободно.

Во обвинението бил спомнат и бугарскиот трговски агент во Битола Михајлов под претекст дека на убиецот Трајко Петрев му дал револвер и 8 лири, но прашањето на Михајлов требало да го реши Османското министерство за внатрешни работи.[44]

На адвокатите им било дозволено единствено да ги предадат своите одбрани на судот во писмена форма.[45]

Пресудата била изречена на 17/30 март 1901 година.[46] На изрекувањето на пресудата присуствувале романскиот и австро-унгарскиот конзул. Ростковски се вратил од Солун во Битола дури следниот ден по изречувањето на пресудата.[47]

---

38) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 149/16 март 1901 г..., м-663.
39) Ibidem.
40) Ibidem.
41) Ibid.
42) Ibid.
43) Ibidem.
44) Ibidem. Cf. обвинителенъ актъ.., 81.
45) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 149/16 март 1901.., м-663.
46) Телеграм М. Г. Ристића/17 марта 1901 г. Отправљен из Битоља у 5h30' после подне. Примцен у Београду у 6h25' поподне. ДСИП.., м-663; Ваше Блаженство, Исх. N 385/Д Н 5—17 мартъ 1901 г. — Битоля. Архив на Македонија, Скопје, ФОНД: Пелагонийска българска митрополия, к-II. 1901, Д 5д, АЕ 6, 77—78.

47) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 173/24 марта 1901 г. Битољ. ППО —ДСИП, м-663, Архив на Македонија, Скопје.

Од 22 обвинети во врска со Поп-Ставревата провала, 12 биле осудени, од кои двајца во отсуство, а 10 мина биле ослободени од обвинението. На 12 обвинети лица им биле изречени следниве казни:

1. Трајко Петрев, осуден на смрт;
2. Глигор Димев — доживотна робија;
3. Петар Димев — доживотна робија;
4. Петар Георгиев (во отсуство), доживотна робија;
5. Трифун Иванов — 10-годишна робија;
6. Дамјан Груев — 10-годишна робија;
7. Т. Луканов (М. Герџиков, во отсуство), 10-годишна робија;
8. Ѓорѓи Најдов — 10-годишна робија;
9. Јанаки Стерјов (Штерјов) — 3-годишен затвор;
10. Нале Павлев — 3-годишен затвор;
11. Стефан Илиев — 2-годишен затвор; и
12. Васил Поп Димитров — 2-годишен затвор.[48]

Осудените „ја сослушале пресудата сосем равнодушно; на своите ослободени другари им пристапиле и весело им го честитале ослободувањето и ги нуделе со цигари.[49] Ваквото достоинствено однесување по изречувањето на драконската пресуда ја покажува силната верба на осудените во праведноста и иднината на ослободителното дело. Нивниот висок морал, нивниот импресивен став во текот на судскиот процес и изречувањето на пресудата силно одекнале во јавноста придонесувајќи за разгранувањето и зацврстувањето на револуционерниот морал во организационите, и не само во организационите редови.

Еве што забележува во врска со пресудата српскиот конзул Ристиќ: „Паѓа силно в очи строгоста на осудата според недоволното обвинение. Моето лично мислење е дека обвинетите не се без вина; дури и повеќе таа им е голема, но доказите изнесени против нив, особено против обвинетите за врската со комитетите, не се речиси никакви ... Има две можности: власта или не сакала да собере доволно докази, или втората: собраните докази да не се изнесени на јавниот претрес. Во секој случај ова се турски работи и јавноста во ова судење беше една проста комедија“.[50]

---

48) Ваше Блаженство, Исх. Н. 385/Д Н 5, 17 март 1901.., 77—78; Cf. Телеграма на М. Г. Ристиќ од 17 март.., м-663; Извештај на М. Г. Ристиќ од 24 март 1901.., м-663.

49) Извештај на М. Г. Ристиќ ПП 173/24 март 1901., м-663.

50) Ibidem

И покрај тоа „турските и грчките кругови наоѓаат дека осудата е блага".[51]) Ете како реагирале најголемите соперници на македонското ослободително движење!

Овде е потребно да истакнеме дека Петар Скопаков во својата кратка монографија за Даме Груев прави една крупна грешка накалемувајќи ги податоците за затворените и осудените од Јосифовата (1902 г.) на Поп Ставревата провала![52])

По интернирањето на Васил Пасков,[53]) раководител на Битолскиот окружен комитет станал Ѓорѓи Поп Христов,[54]) секако со знаење и благослов на Даме. Поп-Ставревата провала го одвела Ѓорѓи Пешков во Бугарија, а Аце Дорев во Виена под претекс склучување на трговски зделки.[55]) Г. П. Христов останал само со Неделко Дамјанов. Д. Груев не можел многу да помогне бидејќи се наоѓал во истражниот затвор. Во таква ситуација Г. П. Христов најмногу се потпирал на Ал. Евтимов.[56]) Подоцна, во есента 1900 година се вратил Г. Пешков, па работата на Окружниот комитет добила понормален тек. Во целата втора половина на 1900 година пред Окружниот комитет стоело отворено прашањето на социјалистичката група на Н. Петров Русински и В. Марков. Тоа прашање конечно било симнато од дневниот ред дури во март 1901 година со вклучувањето на социјалистите во МРО.[57])

Покрај тоа, пред Окружниот комитет во Битола стоело уште едно суштинско прашање: прашањето за изградување на четничкиот институт на МРО во Округот. И ова прашање, и покрај последиците од Поп Ставревата провала, било поволно решено благодарение, првенствено, на т.н. четнички школи на Георги Иванов — Марко и Никола Петров Русински.[58])

---

51) Ibidem.

52) Еве како П. Скопаков ги помешал двете провали: Поп Ставревата (1900) и Јосифовата (1902 г.): „Во летото 1900 година во Битола избувна првата крупна афера—Поп Ставревата, која засегна девет села од Битолската и осум од Леринската каза. Општиот број на арестуваните по таа афера беа 68 души, од кои само дваесет беа ослободени. Останатите 46 души Битолскиот суд ги осуди по на 3,5 и 101 година затвор. Осум души од нив беа осудени на смрт. Меѓу арестуваните и осудените по таа афера беше и Даме" (П. Скопаковъ, Д. Груевъ, София, 1942, 22). Евидентно овде, освен името на Даме Груев, сѐ се однесува на Јосифовата, наместо на Поп Ставревата провала! Меѓу заведените од Скопакова се вбројува и Душко Константинов. Види: Д-р. Душко Хр. Константинов, Даме Груев (1871—1971), Битола„ 1971, 96.

53) По, изгонувањето од Битолскиот вилает Пасков постанал директор на Новоселското училиште во Штип и раководител на IV Окружен (Штипски) револуционерен комитет на МРО. Види: Л. Томовъ, Василъ Пасковъ, Ил. Илинденъ, VI/9 (59), 1934, 5

54) Г. п. Христов, op. cit., 25.

55) Ibidem.

56) Ibid.

57) Ibid., 28.

58) Во овој период единствено нивните чети претставувале вистински четнички школи во Округот.

Завршувањето на истражната постапка и мартовската пресуда (1901 г.) овозможиле Даме Груев својот натамошен престој во битолскиот затвор да го искористи во трескава револуционерна дејност. Битолскиот затвор, благодарение на корумпираноста и приглупоста на затворските чувари, станал вистински револуционерен штаб во кој Даме Груев ги држел сите конци на МРО во Округот. Секако, за тоа придонесло и вонредното разбирање на неговиот близок соработник и приврзаник Ѓ. Поп Христов, кој без поговор ги исполнувал инструкциите на Дамета. Тоа имало мошне плодотворно влијание врз развојот и растежот на ослободителното движење во Округот.

Поради сето ова, на прв поглед изгледало дека Поп Ставревата провала имала повеќе добри отколку лоши страни, бидејќи Даме Груев многу поефикасно диригирал со организационите работи во Округот од битолскиот затвор, отколку за време на кратката интервенција во Смилево, кога речиси бил изолиран од организационите текови. Меѓутоа, требало да дојде до уште една провала, Јосифовата (1902 г.) —и Дамевото префрлање во Подрум Кале (1902 г.) па да се види мошне тешката реперкусија на Поп—Ставревата провала, која ја снашла МРО не само во Округот, туку и во целина, поради свртувањето на нејзиниот дотогашен курс. Со други зборови речено, Гарванов во ЦК на МРО и Лозанчев во Битолскиот округ, ослободени од авторитетот на Груева, станале полни господари на своите позиции, коешто мошне тешко се одразило движењето во целина.